**Елефтериос Г. Елефтеријадис**
Психолог M.Sc.

# КАЖИ МИ
во потрага
# ЕДНА
по смислата
# ПРИЧИНА
на животот
# ДА ЖИВЕАМ

ikona

КАЖИ МИ ЕДНА ПРИЧИНА ДА ЖИВЕАМ
Елефтериос Елефтириадис

Наслов на оригиналот:
ΠΕΣ ΜΟΥ ΕΝΑΝ ΛΟΓΟ ΓΙΑ ΝΑ ΖΩ
Ελευθεριάδης Ελευθέριος

Превод од српски: Сашо Кузмановски
Лектура: Вера Тодоровиќ
Уредник: Наташа Данчевска
Дизај и подготовка за печат: С. Кузмановски
Печат: Студентски сервис, Скопје
Издавач: Икона, Скопје 2026

© 2024 by Psichogios Publications S.A.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
159.947.5:271.2(049.3)
ЕЛЕВТЕРИАДИС, Елевтериос
Кажи ми една причина да живеам / Елевтериос Елевтериадис ; [превод од српски јазик Сашо Кузмановски]. - Скопје : Икона, 2026. - 89 стр. ; 20 см
Превод на делото: Πες μου έναν λόγο για να ζω / Ελευθεριάδης Ελευθέριος. - Преведено според: Kaži mi jedan razlog da živim. - Содржи и: Додаток 1-2
ISBN 978-608-4993-28-5
а) Самоспознавање -- Православни аспекти -- Совети
COBISS.MK-ID 68931333

# СОДРЖИНА

НАМЕСТО ПРОЛОГ .......... 5
НА СВЕТА ГОРА .......... 7
НЕОПХОДНА Е ЦЕЛ .......... 16
ЖИВЕЈ ГО СВОЈОТ ЖИВОТ… .......... 18
„СЕ ПЛАШАМ ОД НОВОТО УТРО“ .......... 21
ШТО БИ ИМ РЕКОЛ ТИ? .......... 31
ШТО Е СМИСЛАТА НА ПОСТОЕЊЕТО? .......... 36
„ДАР“ НА СМРТТА .......... 39
КОЈА Е СМИСЛАТА НА СÈ? .......... 44
ЗОШТО ХРИСТОС? .......... 49
САМО „ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ“ .......... 53
МЕХАНИЗМИ НА ОДБРАНА .......... 63
ЗАМЕНИ .......... 67
СМИСЛАТА ВЛИЈАЕ НА СÈ .......... 73
ЦЕЛИ И СМИСЛА .......... 79
ДОСЛЕДЕН ГРЕШНИК .......... 83
ЧОВЕКОТ ИМА ДВА НЕПРИЈАТЕЛИ .......... 91
НИКОГАШ НЕ Е ДОЦНА .......... 97
ОД КАДЕ ДА СЕ ПОЧНЕ? .......... 100
ПСИХОЛОГ ИЛИ ДУХОВНИК? .......... 103
ЕДНОСТАВНОСТА ЌЕ ТЕ СПАСИ .......... 105

КОГА СЕ ГАСАТ СВЕТЛАТА ........................................ 111
ДЕН ПО ДЕН ........................................................................ 116
ОТЕЦ ЕВСЕВИЈ .................................................................. 119
ЕПИЛОГ .............................................................................. 121
ДОДАТОК ........................................................................... 122
ДОДАТОК 2 ........................................................................ 123

# Наместо пролог

Оваа книга не е научна.

Не е ни книга од психологија.

Ако тоа е она што го очекуваше кога ја зеде оваа книга, тогаш подобро е да ја оставиш.

Остави ја, зашто нема да ти се допадне она што ќе го читаш на нејзините страници.

Постојат некои семиња што не носат плод ако нивата не е подготвена, ако не е изорана.

За оваа книга потребно е добро расположение. Потребна е добра намера кај оној што ја држи во рацете. Оној што ја чита.

Овде не зборувам нешто свое.

Не.

Она што го пишувам не се некакви новости ниту некаква тајна.

Познати им се „на сите нас“.

Пред нашите очи, непосредно, достапни на секој човек веќе две илјади години.

Оваа книга не е ни строго теолошка.

Не сум теолог. Можеби би сакал да бидам, но не сум.

Оваа книга е – човечка.

Ти се обраќам, ти пишувам, како што зборувам со свој пријател. Како што разговарам со мојата сопруга, разговарам со многу мои блиски луѓе, со родителите, со сите што ги сакам – а нив ги има многу.

Отвори го својот ум и прочитај ја внимателно.

Колку повнимателно што можеш.

Ако на крајот од читањето ништо не остави впечаток врз тебе, не е важно. Си прочитал една лоша книга. Не е ни прва, ни последна таква.

Но, ако нешто, барем нешто во тебе засветкало, ако нешто те допрело – макар и малку, сосема минимално – тогаш негувај го тоа и истражувај го, колку што повеќе можеш.

Брате мој, ти посакувам добра борба и Богородица нека биде со тебе…

Елевтериос Г. Елевтериадис

Сидирокастро (Серес, Македонија)

јули 2021.

# На Света Гора

Света Гора.

Лето. Ведро небо. Сино море.

Жешко е. Претопло.

Мал брод од Јерисос нè остави во пристаништето Пантократор.

Дванаесетмина номади.

Десетмина млади. Ученици и студенти.

Генерацијата на моите браќа.

Мангупи. Типови од улица.

Да ги сретнеше некаде надвор од Света Гора, не би ни помислил дека можеш да ги сретнеш и во манастир.

Сепак, повеќето од нив веќе се „ветерани“ на Атос.

Мокри од пот, се искачивме по камените скали што водат до летниковецот кој се наоѓа покрај влезот во манастирот. Оттаму јасно се гледа врвот на Света Гора и манастирот Ставроникита.

Откако извесно време ја разгледувавме околината, влеговме внатре.

Таму нè пречека гостопримецот отец Иларион со локум и вода.

„Добредојдовте, деца наши! Добредојдовте, добредојдовте!“

*Постојат некои луѓе покрај кои се чувствуваш слободен кога си во нивна близина. Тоа се луѓе со кои можеш да бидеш онаков каков што си, да бидеш свој.*

Од вревата што ја направивме, во дворот излегоа отец Порфириј и отец Никита. Повторно прегратки, повторно целиви, повторно поздрави.

„Ајде да се сместиме по собите, па потоа да ѝ се поклониме на Богородица. Панагија Геронтиса (Старица) е главната манастирска икона. Богородица стои, без Христос во прегратка, со подигнати, полуотворени раце во молитва и се насмевнува.

Таа е игуманија на манастирот. Таа одредува кој, каде и кога.

На младите им беа поделени послушанија. Едни во кујна, други во магацин, трети по дрва… Јанис и јас останавме. Двајца „големи“.

Јанис е пријател. Добар пријател.

Првпат му е на Света Гора. Висок, крупен, многу интелигентен. Немирен дух. Човек што сè уште се бара себеси. Многу преиспитува. Го истражува „зошто“ на овој свет.

Но, знаеш…

Премногу да се размислува во денешно време е благослов, но и проклетство.

Тој е математичар.

Го завршува докторатот.

Не помина многу време откако се врати од Цирих. Таму престојуваше околу една година преку една истражувачка програма.

Седевме на мојот балкон една вечер, пиевме вино и тогаш му реков дека одам на Света Гора.

Не да бидам монах. Во посета.

*Тежок е монашкиот живот…*

„И бракот е тежок“, би можел некој да каже на шега.

„И јас сакам да појдам“, ми рече.

И еве го… Првпат, во Нејзината градина.

„Што ќе правиме ние?“, ме праша.

„Овде Богородица ги одредува послушанијата“, му реков.

Излеговме од манастирот и тргнавме да се спуштаме кон градините. Отидовме да го видиме мојот пријател, отец Продром. Пријатели од детството. Во училиште, заедно. На факултет, заедно. До пред 13 години.

Еден ден, остави сѐ и замина. Замина и облече црнина. Стана монах. Оттогаш е овде, на Света Гора.

„Како може некој да стане монах? Како може да го напушти светот и да дојде овде?“, ме праша Јанис додека се спуштавме…

„Тоа е љубов“, му реков. „Љубов. Тоа не може да се објасни со логика. Како што јас ја сакам мојата жена, така некако и тој. Така, на некој начин, повеќето од нив што го напуштаат светот и доаѓаат овде…“

„Но, мора да постои некакво објаснување. Некакво разумно објаснување.“

Не му одговорив. Молчев и продолживме да чекориме.

Го најдовме отец Продром.

Правлив, испотен, валкан, потемнет од сонцето, меѓу доматите и тиквичките. Но со огромна насмевка.

„Ве чекав“, ни рече.

Се прегрнавме силно и така останавме некое време.

Горд сум на него. Не можам да објаснам зошто, но секогаш кога ќе помислам на него, чувствувам голема гордост.

Разговаравме, така, набрзина.

„Што ќе правите утре наутро?“, нè праша.

Му рековме дека немаме ништо одредено…

„Размислував – можеби треба да одиме до Капсала. Кај отец Евтимиј. Што велиш?“, го прашав.

„Да, да… кај старец Евтимиј. Еднаш чекав шест часа за да го видам. Но, не успеав. Треба да одите. Оди… Го знаеш ли патот?“

Одмавнав со главата во знак на негација.

„Тргнете со мене…“

Го следевме.

„Ќе одите по патеката на Пророкот Илија, сè додека не излезете на главниот пат. Оттаму ќе се спуштите во Кареја. Пред да стигнете, на раскрсницата ќе видите собрани луѓе. Денес старец Евтимиј прима поклоници. Така ќе знаете дека сте стигнале.“

Повторно се прегрнавме. Се договоривме да се видиме попладне по вечерата и тргнав со Јанис нагоре…

Патот не беше лесен. На патеката имаше израсната трева и грмушки, што ни го отежнуваше искачувањето. Одевме полека и малку разговаравме.

„Ајде, објасни му на Европеецот што се случува овде!“, ми повторуваше одново и одново.

„Тоа е апсурдно. Луѓе што имале сѐ, луѓе со факултети, со дипломи, луѓе со пари, богати луѓе, реализирани луѓе… да остават сѐ зад себе и да дојдат овде, на карпите, да живеат во сиромаштија, во темнина, во маки!? Да ги удира зиме студот и ветерот, а летно време сонцето. Ајде, објасни им! Го виде ли Продром? Виде ли каде работи? Беше на жештината и во прашината. Потемнет. Исцрпен. Уморен. А можеше сега некаде на друго место да биде во најдобри услови.“

Продромос беше фармацевт. Всушност, пред да замине, добил стипендија.

„Го оставил сето тоа и – погледни го!“, продолжи.

„На колена, во кал, да се мачи со краставици и домати!? Ајде, објасни му го сето ова на Европеецот. И претпоставувам дека тој не е единствениот…“

„Не“, му реков. „Не. Тој не е единствен.“

И се сетив дека еднаш сретнав судија од Врховниот суд.

Се викаше Николаос.